**О П Ш Т И Н А     Н О В А Ц И**

# ПРОГРАМА

**за култура , културни активности , културни и други манифестации на   Општина  Новаци за 2024 година**

**Новаци, 2024**

Врз основа член 22 став 1 точка 5, член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 точка 8 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 20.12.2023 година донесе:

# ПРОГРАМА

## за култура , културни активности , културни и други манифестации на Општина Новаци за 2024 година

I.ВОВЕД

Со донесување на системските закони кои се однесуваат на локалната самоуправа , за во контекст на процесот на децентрализација , општините добиваат и надлежност која се однесува на задоволување на културните права и потреби на граѓаните.Општинските културни активности и активностите на локалните културни установи и здруженија на граѓани во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизно ќе ги откријат нивните културни потреби и формите за нивно задоволување , со што ќе го направат културниот живот во Општината побогат, поразновиден , подинамичен и поквалитетен.

II.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата на Општина Новаци од областа на културата:

1.Доближување на културата до сите граѓани .

-Преку оваа цел треба да им се овозможи на сите граѓани на Општина Новаци рамноправно да учествуваат како творци и како корисници , во културата и во културните случувања.

2.Поттикнување на современото творештво , со посебен фокус на културните потреби на младите.

-Земајќи ја во предвид перспективата на културниот развој , особен фокус ќе биде ставен на обезбедувањето материјални претпоставки за творештво и задоволувањето на културните потреби на младите.Ќе се поддржуваат и ќе се охрабруваат истражувањата и потребата по нови изразни средства, ќе се поддржуваат екпериментите и користењето нови медиуми на естетска експресија , како и проектите и установите што се занимаваат со продукција и ширење на културни содржини и вредности за младата популација.

3.Обезбедување на активен однос на Општина Новаци кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата.

4.Зачувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Новаци .

5.Зачувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Новаци.

6.Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата.

## III.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Новаци во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување , поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа :

1.Зачувување на континуитетот на одржување на традиционалните културно-уметнички манифестации.

2.Реализирање на манифестации , програми и проекти кои и даваат посебно посебно обележје на Општина Новаци .

3.Создавање на услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Новаци .

4.Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Новаци .

5.Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОДДРШКА НА МАНИФЕСТАЦИИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ , СОВРЕМЕНО ТВОРЕШТВО И ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

-во текот на 2024 година ќе се организираат следните програмски настани:

**МАНИФЕСТАЦИИ**

| | |
|---|---|
| **Фестивал на Жетвата Новаци 2024** | |
| **-Концерти на класична музика** | |
| **-Фолк-концерти со познати естрадни уметници** | |
| **-Концерти со етно групи** | |
| **-Концерти на фолклорни друштва од странство и домашни** | |
| **-Професионални Театарски претстави** | |
| **-Изложби на ликовни уметници од Македонија и странство како и на млади автори** | |
| **-Стенд ап комедија** | |
| **-Креативни работилници** | |
| **-**<br>**-Етно концерт во с.Градешница** | |

| | |
|---|---|
| **-Музички танцов хепенинг** | |
| **-Детски музички фестивал** | |
| | |

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

| | |
|---|---|
| **-Годишен концерт на КУД НОВАЦИ од Новаци<br>- Фестивал на традиционална храна-вкусот на традицијата општина Новаци 2024 –организатор здружение на жени пензионери пд Новаци -Силата на Бабата** | |
| **-Учество на КУД НОВАЦИ од Новаци на концерти во Р.Македонија и на меѓународни фестивали и концерти.** | |
| **-Опрема за потребите на КУД НОВАЦИ од Новаци** | |

**ФИЛМ И МУЛТИМЕДИЈА**

| | |
|---|---|
| **-Снимање и промоција на документарен филм и репортажа за Општина Новаци** | |
| **-Работилници за фотографија и видео** | |
| **-Организирање на изложби на фотографии на отворен простор** | |

**ЛИТЕРАТУРА И ТВОРЕШТВО**

| | |
|---|---|
| **-Конкурс за раскази и литературни творби –издавање на збирка поезија и проза од млади автори од Општина Новаци** | |

| | |
|---|---|
| **-Пелагониски културно-научни средби Новаци 2024** | |
| **-Поетска манифестација** | |

**ТЕАТАР**

| |
|---|
| **-Професионални театарски претстави за деца и млади** |
| **-Аматерски театарски претстави за деца и млади** |
| **-Театарски работилници под менторство на професионален актер** |

**ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ВАЖНИ ДАТУМИ И АКТИВНОСТИ**

| |
|---|
| **-Ден на Општина Новаци –сценско музичка програма и други активности** |
| **-Фестивал на книгата 23 април** |
| **-Меѓународни денови на Општина Новаци -делегации од сите збратимени општини со пригодна музичко-сценска програма каде ќе бидат претставени културните традиции на земјите –гости .** |
| **-Следење на важни датуми со можност за пригодно одбележување на светските денови** |
| **-Ден на Европа 9 мај** |
| **-Светска недела на детето** |
| **-Новогодишна детска претстава** |
| **-Новогодишен хуманитарен караван** |
| **-Велигденски хуманитарен караван** |
| **-Музички танцов хепенинг со пригодна програма за почеток или крај на учебната година** |

| |
|---|
| **-Фитнес програмски активности** |
| **-Учество на домашни и меѓународни фестивали** |
| **-Еколошки работилници и акции за неформална едукација на младите** |
| **-Соработка со сите видови на уметници , здруженија од областа на културата , установи , како и негување на фолклорот, занаетчиството и слични културни вредности.** |
| |

**ПОДОБРУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО РЕГИОНОТ НА МАРИОВО –ОПШТИНА НОВАЦИ**

| |
|---|
| **-Едукативна еко екскурзија-Мариово чисто<br>-Инфо тура за туристички агенции и тур оператори од Македонија<br>-Мариово -фото сафари<br>-Астроучилница –кампување во Мариово со астроучилница за деца и воздрасни<br>-Велосипедска екскурзија -Допро Поле<br>-Едукативен камп за деца од основните училишта во Мариово** |
| |

**ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ**

1. **ЏИП ТУРНЕЈА МАРИОВО**
2. **ЦРКОВНИ МАНИФЕСТАЦИИ**
3. **ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ**

| |
|---|
| **-ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА (озвучување , осветлување, бина , рампа , писта)<br>-МАРКЕТИНГ И КООРДИНАЦИЈА<br>-ВОДИТЕЛИ<br>-ВОЛОНТЕРСКА ПОДДРШКА** |
| |

IV. ИНСТИТУЦИЈАЛНА И ФИНАНСИСКА ПОДРШКА НА КУЛТУРНИ , ДРУГИ МАНИФЕСТАЦИИ И СОВРЕМЕНО ТВОРЕШТВО

За реализација на програмата ќе се обезбедат средства од Буџетот на Општина Новаци , државни институции , спонзорства и донации.

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци од следните ставки

1.Културни манифестации и творештво
* 100 000 денари печатење , копирање

2.Трансфери до здруженија на граѓани и фондации - 500 000 денари

Здруженија на граѓани , невладини организации , верски заедници , физички лица треба да достават барање и програма за да можат да ги користат средствата од Буџетот на Општина Новаци .

Разгледувањето на барањата од здруженија на граѓани , невладини организации , верски заедници , физички лица ќе го врши Градоначалникот на општина Новаци за средства до 10.000 денари , а за средства над 10.000 денари барањата ќе ги разгледува Советот на Општина Новаци .

По завршувањето на проектите секој реализатор е ДОЛЖЕН до Советот на Општина Новаци да достави ИЗВЕШТАЈ (финансиски и оперативен) за реализација на одобрените средства.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во “ Службен гласник на општина Новаци ”.

Претседател на
Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска